Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври"
IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Бр.-Nr. 02-29/1
11.01 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 193 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 104/19 , 146/19,279/19,302/19,311/20,163/21,294/21,99/22,236/22 и 65/23) ,-и член 31,32,33,34,35 и член 36 од Статутот на ЈУ Детски дом „11 Октомври" Скопје број 02-555 од 01.07.2019 година , Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈУ Детски дом 11 Октомври – Скопје број 02-1133/1 од 27.12.2019 година, Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈУ Детски дом 11 Октомври – Скопје број 02-190/2 од 06.09.2021година и Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈУ Детски дом 11 Октомври – Скопје број 02- 786/2 од 30.11.2021 година , ВД Директорот на ЈУ Детски дом 11 Октомври Скопје, на ден 12.01.2024 година,објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

# ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ НА КОРИСНИЦИ

ЈУ Детски дом „11 Октомври – Скопје согласно член 33 став 1 од Статутот на ЈУ Детски дом 11 Октомври Скопје објавува јавен повик за формирање на Совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите утврдени во член 33 став2 од Статутот на Установата ,- според кој за член на Совет на корисници може да биде избрано лице кое е :

- корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудено со правосилна судска пресуда
- лице на кое не му е одземено родителското право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата лицето кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- Кратка биографија
- Мотивационо писмо

-државјанство

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена.

Мандатот на члeновите на Советот на корисници трае 4 години.

На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по лично барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управен одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашања што се од интерес за корисниците и установата.

Советот на корисници делува во рамките на соработката на установата со корисниците на права и услуги од надлежност на установата, заради разгледување на прашања кои се од заеднички интерес на установата и корисниците.

За избор на членови на Советот на корисници, Директорот на установата формира Комисија составена од 3 члена од редот на вработените стручни работници во установата.

Јавниот повик за основање на Совет на корисници се објавува на огласна табла на Установата, и се објавува на веб-страната на установата .

Рокот за доставување на пријавите со потребна документација изнесува 8 (осум ) дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ Детски дом „11 Октомври" - IP Shtëpia e Fëmijëve „11 Tetori"
Скопје - Shkup

ВД Директор
Соња Стамевска
Стамевска